*(доверливо)*
**СО 50. седница**
**4.5.2023 година**
**Точка на дневен ред бр.9**

# ИНФОРМАЦИЈА

## За поднесена оставка од г-ѓата м-р Александар Радевска член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола

На ден 1.3.2023 година членот на Надзорниот одбор, г-ѓата м-р Александра Радевска до Собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола достави Изјава за поднесување на оставка од функцијата член на Надзорниот одбор на Банката со која воедно го прифаќа нејзиното номинирање за член на Управниот одбор на Стопанска банка.

Согласно член 364 од Законот за трговските друштва, по поднесената оставка не се одлучува за нејзино прифаќање. Се смета дека на членот на Надзорниот одбор му престанал мандатот со денот на поднесувањето на известувањето за оставката, во писмена форма, освен ако во известувањето не е наведен некој друг датум.

Во поднесената оставка, г-ѓата м-р Александра Радевска изјавува дека истата ќе стапи во сила на денот на добивање претходна согласност од гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија за нејзино именување за член на Управен одбор на Стопанска банка а.д. Битола а до тогаш, изјавува дека функцијата член на Надзорен одбор на Стопанска банка а.д. Битола ќе ја извршувам законито, чесно, одговорно и совесно без никаков конфликт на интерес и без вклучување во оперативното работење на Банката

Согласно член 73 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола, во случај на предвремено престанување на функцијата на член на Надзорниот одбор, на првата наредна седница на Собранието на Банката се вршат избори за испразнетите места за остатокот односно полниот состав.

Битола, 1.3.2023 година